РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-21

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Унитарното претпријатие Велком, со регистрирано седиште на 220030 Интернасионалнаја ул. 36-2 Минск, Белорусија, преку адвокат Ана Божарова од Скопје, на седницата одржана на ден 05.03.2019 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Унитарното претпријатие Велком, со регистрирано седиште на 220030 Интернасионалнаја ул. 36-2 Минск, Белорусија има намера да се стекне со директна единствена контрола врз значителни средства од друштвото со ограничена одговорност Ајчина Плус со седиште на ул. Филимонова 55 пом. 168, 220114, Минск, Белорусија, преку купување на имот, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, (Службен весник на Република Македонија бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/16), на ден 11.02.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) прими Известување за концентрација со која Унитарното претпријатие Велком, со регистрирано седиште на 220030 Интернасионалнаја ул. 36-2 Минск, Белорусија има

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

намера да се стекне со директна единствена контрола врз значителни средства од друштвото со ограничена одговорност Ајчина Плус со седиште на ул. Филимонова 55 пом. 168, 220114, Минск, Белорусија, по пат на стекнување на телекомуникациска опрема врз основа на Договор за купување на опрема склучен на 14 декември 2018 година и стекнувањето на права и обврски согласно договорите со потрошувачите, врз основа на Договорот за трансфер на права и обврски од договорите со потрошувачите, склучен на 14 декември 2018 година.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Унитарното претпријатие Велком** е дел од Групацијата Телеком Австрија, чиј краен сопственик е Америка Мовил, С.А.Б. де Ц.В., една од водечките светски телекомуникациски компании со седиште во Мексико, поради што Групацијата Телеком Австрија е дел од Америка Мовил Груп.

Регионалниот бизнис фокус на Групацијата на подносителот е насочен кон Северна, Централна и Јужна Америка каде Групацијата е активна на пазарот за услуги од фиксната телефонија, мобилни телекомуникациски услуги, снабдување со широкопојасен интернет пристап и дистрибуција на медиумски содржини. Во Европа, Групацијата на подносителот е активна преку Групацијата на Телеком Австрија, која во моментот оперира во осум држави: Австрија, Бугарија, Белорусија, Хрватска, Лихтенштајн, РепубликаМакедонија, Република Србија и Словенија. Портфолиото на Групацијата на Телеком Австрија содржи производи и услуги од телефонија на глас, широкопојасен интернет, мултимедиумски услуги, податоци и ITрешенија, големопродажба и солуции за плаќање.

Поврзани друштва на подносителот во Република Македонија се:

- Друштво за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДОО Скопје со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр. 1, 1000 Скопје и предмет на работење: безжични телекомуникациски активности и
- Друштво за претставување и услуги ТЕЛЕМЕДИА ДООЕЛ Скопје со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр. 1, 1000 Скопје и предмет на работење: други услужни активности за деловна подршка н.е.ц.

**Целните ствари** се опремата купена согласно Договорот за купување на опрема и правата и обврските кои треба да бидат пренесени согласно Договорот за замена на корисници од продавачот Ајчина Плус со седиште на ул. Филимонова 55 пом. 168, 220114, Минск, Белорусија. Целните ствари ги користи Продавачот претежно за

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

давањето на следните услуги во Белорусија - услуги на давање пристап до интернет мрежа.

Целните ствари не се користат за давање на услуги на македонскиот пазар. Како резултат на тоа, истите немаат генерирано било каков приход во Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**